Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита од експлозивни материи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 октомври 1990 година.

Бр. 08-3553/1
26 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с.р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Член 1

Во Законот за заштита од експлозивни материи (CСлужбен весник на СРМм број 4/78, 10/78 и 51/88), членот 20 се менува и гласи:

CСогласност на решенијата и мерките за заштита од пожари и експлозија и нивната усогласеност со соодветните технички нормативи во проектот за заштита од експлозија, што е составен дел на техничката документација за изградба на објекти наменети за производство на експлозивни материи, дава Републичкиот секретаријат за внатрешни работим.

Член 2

Членот 55 се менува и гласи:

CСогласност во поглед на техничкото решение и предвидените мерки за заштита од пожари и експлозија во проектот за заштита од експлозија за изградба на магазин за складирање на експлозивни материи дава Републичкиот секретаријат за внатрешни работим.

Член 3

Во членот 67 ставот 1 зборовите: C120.000 до 1.500.000м се заменуваат со зборовите: C2.500,00 до 25.000,00м.

Во ставот 2 зборовите: C30.000 до 150.000м се заменуваат со зборовите: C600,00 до 2.500,00м.

Член 4

Во членот 68 ставот 1 зборовите: C100.000 до 1.000.000м се заменуваат со зборовите: C2.000,00 до 20.000,00м.

Во ставот 2 зборовите: C20.000 до 100.000м се заменуваат со зборовите: C500,00 до 2.000,00м.

www.pravdiko.com

Член 5

Во членот 69 зборовите: С20.000 до 100.000м се заменуваат со зборовите: С600,00 до 2.500,00м.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во СЛужбен весник на Социјалистичка Република Македонијам.

www.pravdiko.com